РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-366/7
26-07-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-мата седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-366/1 од 24.01.2024 година против службеното лице --------, ВД директор на ------------ и член на Надзорниот одбор на ------------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК заклучи дека е констатирана повреда на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што е спроведена постапка за порамнување.
ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај, бидејќи е настаната и промена на фактичката состојба.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-366/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно член 17 став (1) точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.
Имено, по извршена проверка на поднесениот образец Изјава за интереси од страна на лицето ---------- со бр. 09-8506/1 од 08.09.2022 година, Државната комисија утврди дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата ВД директор на -------------, во исто време ја врши и функцијата

член на Надзорниот одбор на -----------, по што вака констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Со цел проверка на податоците пријавени во образецот Изјава за интереси од страна на лицето ----------, ДКСК се обрати до наведеното лице со Известување и барање на информација бр. 09-366/2 од 06.02.2024 година, за да ги прибави актите за избор/именување или разрешување од двете наведни функции.
Врз основа на доставениот писмен допис - Доставување на информација со бр. 09-366/3 од 11.03.2024 година од страна на -----------, лицето приложи Решение за разрешување на вршител на должност на Директор на ------------- со бр. 09-350/1 од 08.02.2023 година, донесено од страна на градоначалникот на општина -------------.
По анализа на добиената документација и утврдување на фактичката состојба, ДКСК заклучи следно:
Лицето кое е именувано за вршење на функцијата ВД директор на --------- со Решение бр. 02-2142/1 од 09.08.2022 година од страна на градоначалникот на општина ----------- до моментот на неговото разрешување од вршење на оваа функција со Решение бр. 09-350/1 од 08.02.2023 година, донесено од градоначалникот на општина ---------- ја вршело и функцијата член на Надзорен одбор на --------------. Видено од Тековната состојба на ----------, ДКСК утврди дека истото има мешовита сопственост, односно еден од основачите/сопственици е ЈП ----------, односно има државен капитал, по што дека ----------- го прекршил член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
ДКСК одлучи да спроведе постапка за порамнување против лицето ----------- и до истото достави Записник за констатиран прекршок со бр.09-366/4 од 10.05.2024 година и Прекршочен платен налог со бр.09-366/5 од 10.05.2024 година.
Службеното лице ја плати глобата во законски даден рок и достави до ДКСК уплатница заведена под бр. 09-366/6 од 14.05.2024.
ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај, бидејќи лицето ја надмина состојбата на неспојливост на функции, со тоа што не ја извршува повеќе функцијата вршител на должност на Директор на --------- видено од Решението бр. 09-350/1 од 08.02.2023 година, донесено од страна на Градоначалникот на општина -----------.
Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М – соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: м-р Б.К.Ш. – член на ДКСК